# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „МЕНАЏМЕНТ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ“ - СКРИПТА ОД АВТОРИТЕ М-Р НАТАША МИТЕВА И Д-Р ЕЛИЗАБЕТА МИТРЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИВА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, како и Одлуката бр. 2102-506/11 од 178. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за туризам и бизнис логистика, одржана на 1.11.2017 г., избрани сме за рецензенти за изготвување извештај, рецензија на приложениот ракопис „Менаџмент на човечки ресурси“ (скрипта) од асистент-докторанд м-р Наташа Митева и вонреден професор д-р Елизабета Митрева, наменет за студентите на прв циклус студии на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

По прегледот на ракописот, до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот**

Ракописот е подготвен според стандардната методологија, а обемот и содржината на трудот ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Материјалот во трудот е поделен на 10 тематски поглавја и истиот е предвиден за предавања на студентите. Истиот дава придонес во воведувањето и изучувањето на областа на менаџмент со човечки ресурси, вклучувајќи ги основните активности кои истоимениот оддел ги спроведува. Ракописот е наменет за студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, на насоките на кои се слуша предметот Менаџмент на човечки ресурси, односно насоките Бизнис администрација и Бизнис логистиката, како задолжителен предмет во VII семестар / IV година, на насоката Гастрономија, исхрана и диететика како задолжителен предмет во V семестар / III година, на насоката Туризам како задолжителен предмет во VII семестар / IV година и на насоката Хотелско-ресторанска како изборен предмет во V семестар / III година. Овој ракопис нуди практични базични знаења по предметот Менаџмент на човечки ресурси.

**Податоци за обемот на ракописот**

Ракописот на скриптата „Менаџмент на човечки ресурси“ е систематизиран во 10 глави на 150 страници, поткрепен со слики и табели кои ќе помогнат во доближување и поедноставување на материјата до студентите. Ракописот е напишан на А4 формат со нормален проред, фонт Arial со македонска поддршка и големина на буквите 11.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**

Скриптата претставува квалитетен труд кој ќе им помогне на студентите да го совладаат материјалот по предметот Менаџмент на човечки ресурси.Ваков тип на скрипта од областа на менаџмент на човечки ресурси за првпат се објавува на Факултетот за туризам и бизнис логистика и од истата причина е значаен за студентите кои го слушаат истоимениот предмет.

**Краток опис на содржината**

Ракописот е систематизиран во 10 глави и тоа:

Глава 1. Менаџмент на човечки ресурси

Глава 2. Стратешко управување со човечки ресурси
Глава 3. Диверзитет и еднакви можности за вработување
Глава 4. Работни места и анализа на работно место
Глава 5. Регрутирање
Глава 6. Селекција
Глава 7. Обука
Глава 8. Управување и развој на таленти
Глава 9. Управување и оценување на перформансите во работењето
Глава 10. Вкупни награди и надоместоци

Во првата глава, насловена како *Менаџмент на човечки ресурси*, се образложени почетоците на менаџментот со човечки ресурси, потеклото на проблематиката и нејзино дефинирање. Дополнително се укажува на неговата стратегиска функција и накратко се објаснуваат активностите кои ги вклучува менаџментот со човечки ресурси.

Во втората глава, насловена како *Стратешко управување со човечки ресурси*, фокусот е ставен на стратешката функција на менаџментот со човечки ресурси. Тука се вклучени важноста на организациската култура и нејзиното влијание, како и глобалната конкурентност и стратешките човечки ресурси. Дополнително, во оваа глава се истакнува важоста на планирањето на човечките ресурси, предвидувањето на понудата и побарувачката на човечките ресурси, и усогласувањето на работната сила.

Во третата глава, насловена како *Диверзитет и еднакви можности за вработување*, акцентот е ставен на вработените. Опфатени се важни закони за еднакви можности за вработување, закони и регулативи за дискриминација на работното место, како и сроведување на политика за еднакви можности за вработување. Ова поглавје во фокусот ја става важноста на разновидноста на работната сила во организациите и начини за нејзино постигнување.

Четвртата глава, насловена како *Работни места и анализа на работно место*, ги опфаќа потребните анализи на работниот тек и начините за дизајн и редизајн на работни места. Дополнително, образложени се и анализите на работни места, методите кои се користат за анализа на работни места и креирањето на опис и спецификација на работно место.

Во петтата глава, насловена како *Регрутирање*, е обработен процесот на привлекување потенцијални кандидати за вработување. Тука спаѓаат пазарите на работна сила, методите на внатрешно регрутирање, надворешните извори на регрутирање и регрутирањето преку интернет. На крај следува евалуација и мерење на регрутирањето.

Шестата глава, насловена како *Селекција*, всушност е следниот чекор во процесот за избор на соодветниот кандидат за одредено работно место. Во ова поглавје е образложена важноста на селекцијата и распоредот истакнувајќи ги одговорностите на процесот. Понатаму се образложени различните тестирања и интервјуа кои се спроведуваат за време на селекција, како и правните прашања при истиот процес.

Седмата глава, насловена како *Обука*, го објаснува процесот на обучување на целокупниот персонал во организацијата, започнувајќи со проценка пред обука, креирање, извршување и оценување на обуката. Исто така, истакната е и природата и значајноста на обуката и нејзината поврзаност со организациската стратегија.

Во осмата глава, насловена како *Управување и развој на таленти*, фокусот е на индивидуата. Тука се објаснети различните видови кариери и начинот на планирање кариера. Дополнително, опфатен е развојот на човечките ресурси во целот, пристапите за развој и развојот на управувањето. На крајот од ова поглавје се истакнува важноста на планирана замена на кадарот во организацијата.

Деветтата глава, насловена како *Управување и оценување на перформансите во работењето*, го вклучува одредувањето и мерењето на перформансите на вработените, оценувањето на перформансите и алатките за оценување на работењето. Тука се опфатени и потребните обуки за оценување на перформансите, како и потребата и важноста на повратната информација од оценувањето.

Десеттата глава, насловена како *Вкупни награди и надоместоци*, дава јасен приказ за природата на наградите и надоместоците, начините за креирање систем за надоместок и негови ограничувања. Тука спаѓа развојот на систем за основна плата, различните структури на плати, како и начините за зголемување на истите. Во ова поглавје се опфатени и неколку дополнителни примања како бонуси, групни и индивидуални стимулации, бенефиции и слично.

## З А К Л У Ч О К

Овој ракопис претставува успешен обид на авторите да претстават научен материјал со висок квалитет во кој се дава можност за стекнување пошироки знаења од обласга на менаџмент со човечки ресурси. Содржините на наставните единици се стручно и научно обработени, а интерпретацијата на истите е во контекст со современите приоди од областа. Од методско-дидактички аспект, стручно-научните содржини во ракописот се обработени според логично утврден редослед, напишани на оригинален начин со јасен и разбирлив јазик. Авторите покажуваат големо стручно и научно познавање на третираната проблематика. Скриптата од педагошки и научен аспект го поседува потребното ниво соодветно за студентите од прв циклус студии. Концизното и експлицитното презентирање на проблематиката од оваа област дава можност за користење на овој материјал не само за студентите, туку и пошироко.

Оттука, на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип **со задоволство му предлагаме ракописот „Менаџмент на човечки ресурси“ од авторите м-р Наташа Митева и д-р Елизабета Митрева да го прифати како скрипта.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Зоран Темелков, доцент, с.р.**
**Д-р Марија Магдинчева-Шопова, доцент, с.р.**